# ЕДНОСТАВНОСТА НА ДИСИДЕНТОТ, ВЕЛИЧЕНСТВЕНОСТА НА КРИТИЧКИОТ УМ

**Софија Грандаковска**

(Текстот оригинално е објавен во: Sofija Grandakovska, Lightness of the Dissident, Brightness of the Critical Mind, in: ***Pl****aying by the rules: Alternative thinking/Alternative spaces*. Ed. by Steven Rand and Heather Couris. NY: Apexart, 2010)

**1.Кој е всушност дисидентот и која е неговата порака?** Овој текст нема намера да повреди или пак да предизвика нечии религиозни, национални, идеолошки, емоционални или пак било какви други навреди. Овој текст има намера да проговори за отвореноста и блескавоста на критичкиот ум на интелектуалецот, уметникот и културниот работник низ аспектот на дисидентскиот наратив и неговиот кредибилитет, којшто се позиционира надвор од институционалната матрица на моќ во својата држава. Меѓу останатото, овој текст има намера да проговори и за она што ја валоризира критичко-творечката активност на дисидентот - дека тој е секогаш пред времето во коешто живее и пред времето во коешто делува.

Во животот може да се стекне, но и да загуби секоја професионално стекната позиција во институционални рамки. Губењето на позицијата може да биде и заради идеолошки причини, преку кои една политичка платформа има за цел да лансира свој замислен *профил на знаење*, преку којшто би го обликувала граѓанинот на својата држава, својата младина, а со тоа и својата сегашност, а без притоа таквата стратегија на знаење да биде во согласност со потребите на актуелното време. Клучниот миг којшто го раѓа дисидентот е токму антагонизмот меѓу: а) механичкото знаење како наметнато и б) креативно-творечкото знаење кое подразбира евалуација на претходното и учество, партиципација во иднината како хуманистичка цел. Токму преку овие атрибути на знаењето, ослободено од идеолошката матрица на политичката гарнитура во одреден миг, го позиционираат и творецот на „поинаквото" знаење – *дисидентот* како т.н. отпадник од конвенционалниот систем, а го лансираат во т.н. простор-зенит како поинаков простор – алтернатива за продуцирање на критичка и творечка мисла. Така, дисидентот секогаш носи нова идеја, дарува нов отворен концепт и тежнение за излегување од застарените форми на системското знаење. Дисидентот е носител на жедта за новото знаење коешто претставува нова арка, нова магистрала, нов светоглед, нова алтернатива за поудобен, поубав и почовечки свет. Во тој свет знаењето за светот никогаш не е статично, и никогаш не е сирова политичка платформа, туку е движечка сила која секогаш тежнее да продуцира нови начини како да се стигне до повисоко ниво на постоење.

Дисидентството во најелементрана смисла се однесува на семиотиката на *несогласувањето*. Во таа смисла и се позиционира како отстапување од

официјалната линија на нештата. Дисидентот го претставува интелектуалниот емигрант од идеолошката матрица и официјалната идеолошко-религиозна вистина. Така, тој го отвора своето поле на дејство како жед, која што претставува многу повеќе од само луцидна отвореност на духот кон вистината, знаењето, другоста, алтеритетот како највисока категорија. Во таа смисла, дисидентот и блескавоста на неговиот критички ум стануваат и постојана можност за борба со идеолошкото, политичкото и религиозното. Овој бинаризам создава отворен фронт, каде нема други - освен непријатели.[1] Токму и во оваа смисла, дисидентот, со тоа што стои надвор од официјалната линија на апсолутната или тоталитарната вистина на одреден политички или религиозен систем, е сместен во полето на категоријата: *непријател*.

Од друга страна, дисидентот не верува дека постои апсолутно знаење дадено како „вечност" сместено во конкретен историски контекст. Оттука, содржината на знаењето како архетип мора да се збогатува со нови форми на знаење и значење, бидејќи секое нешто е менливо и со самото тоа може да заврши веќе во следниот миг. Затоа и е повеќе од неопходна *критичноста како позиција на дистанца преку моќта на творечката мисла преку која што единствено е можно излегување од апсолутноста на нештата,* лансирана како непроменлива вистина од одредена институционална форма, која што ѝ припаѓа на одредена власт.

Дискурсот на дисидентот се позиционира врз ослободеноста на неговата мисла од било каква времена политичка „авангарда" на системот, но во исто време таа истата за него претставува најголем извор на поттик за критика. Но, далеку пак од тоа, дисидентот да претставува авангарда. Токму и затоа, овој текст одбира да проговори за блескавоста на критичката мисла на дисидентот. И затоа, овде, во овој текст, користејќи се со примерот на архетипските вредности како константни, како и со општопознати симболи во културата, нивната полнотија ја развиваме во можност за стекнување умножена вредност, и со тоа, и нова семиотичка важност во контекст на пораката и на современото време: *танцување според правилата на критичкиот ум – а не според правилата на институциите на моќ,* управувана и контролирана од дискурсот на бирократијата. Така интелектуалецот, уметникот коишто го прегрнуваат креативното мислење, оној којшто никогаш не може да се задоволи со наметнати форми на знаење, зашто тие се сурогат на знаењето, решавајќи да излезе од механичкиот продукт на власта и кревајќи го својот глас против него кажувајќи му одлучно: НЕ, всушност ја маркира својата поинаква вон-институционална, дисидентска позиција со цел да продуцира ново знаење. Причината на дисидентот за заземање ваква позиција - преку која што архетипската константа покажува полнеж и израз низ нови форми, без да ја потчинат или пак, да ја изменат нејзината содржинска вредност - е многу едноставна: затоа што едноставно тој верува дека секое повторување на историскиот наратив низ старите форми би претставувало само негово претворање во пародија.

Која би била тогаш алтернативата? Која би била можноста за новата форма, низ која критичкиот ум би можел да ја негува дистанцата од апсолутноста на

институциите на власта, и со тоа да ја негува и константната (архетипска) содржина низ стекнување на новото знаење што ќе произведе нови форми на содржинска вредност за културниот и хуманистичкиот напредок како општо добро?

**2.Благородниот дивјак, првите дисиденти и жедтта за знаење.** Во почетокот беа небото и земјата (Бт.1). Бог ги создаде, а човекот оттогаш се обидува да ги спои. Преку желбата за знаење. Но, се случи и нешто друго - и оттогаш - тоа е така. Историјата течеше, а дисидентите се множеа... Следејќи ја историјата на европската култура и основите врз коишто започнува нејзиното формирање, секако дека од неодминлива важност е приказната од старата еврејска книжевност којашто се однесува на спознанието на доброто и на злото од страна на човекот. Во контекст на нашиот предмет на интерес кон дисидентскиот наратив, таа приказна се однесува на семиотиката на првото прогонство:

> „И рече Господ Бог: Ете, *Адам стана како еден од Нас, знаејќи што е добро и што зло; ...Тогаш Господ Бог го изгони од градината Едем..."(1 Мој. 3, 22-3)

Причината заради која укажуваме на овој старозаветен книжевен претекст, не е за да понираме длабоко во митолошко-историската стварност, туку за да укажеме на пример за архетипската константа – *желбата за ново знење* врзана со дисидентскиот наратив. Воедно и да посочиме на константата преку законот на *повторливост* во културата, која што во својата основа го носи, односно го задржува и древниот еврејски религиозно-идеолошки дискурс. Неговиот „рецидив" покажува активни и препознатливи форми без прекин понатаму низ историјата, сè до современата дискусија за: робот, господарот, царот, папата, монархот, претседателот, премиерот, парламентарецот, чуварот во Министерствата на Владата и други. Тој рецидив укажува на видлива присутност на *архетипот на моќта* преку средставата на институционалната моќ над прогонетиот, дисидентот, над содржината и пораката на критичко-творечката мисла. Таа вградена матрица на активност преку овие различни и многубројни претставници на системски поредоци на власт од сите времиња на човештвото, без исклучок го предизвикувала и го предизвикува секое идно дисидентство во историјата и ја обелоденува врската на религиозно-идеолошката структура со опозицијата на моќта на знаењето, на критичко-творечкото, на дисидентот.

Во таа насока, и не е воопшто тешко да се препознае дисидентскиот карактер на библиските родители кои вкусија од јаболкото на с(п)ознанието, единственото нешто коешто ним им беше забрането од Бога. Така, тие станаа дисиденти и беа делокализирани од замислениот Едемски рај, а таквото прогонство значеше казна, прогонство заради жедтта за знаење и осознавање, наспроти „и Бог го беше замислил човекот според образот свој". Истакнувањето на различноста, на другиот преку желбата за знаење поинакво од тн. официјално - го дефинира не само дисидентскиот наратив, туку и дисидентскиот карактер на знаењето различно од дивинистичкиот (замислениот концепт на Бога) како апсолутен, непроменлив архетипски модел. Најзначајната карактеристика на

архетипот е константноста, неменливоста, неговата вечност. Оттука, историските примери на идеолошко-религиозниот систем без сомнеж, покажуваат содржење на архетипската константа, нејзино множење и одржување на таквата механичка продуктивност најнапред во рамките на една племенска заедница, во рамките на културната заедница, нацијата, народот, државата. Притоа, задржувајќи ја архетипската константа низ изразот на таквата моќ, идеолошкиот концепт ги менува само формите преку кои ја реализира својата империјалистичка цел за одржување на заедницата заедно. Оттука, концептот на дисидентот станува „табу", а концептот на „господарот" (во секое време познат под различно име: Бог, свештеник, врач, цар, премиер, институција и др.) - останува „тотемот" како највисока вредност на знаење и значење, околу којшто треба да се случува светот и знаењето за светот.

Да направиме мала дигресија. Ако примитивното мислење се конституира врз формите на митот, магијата и ритуалот, каде моќта лежи во *репетицијата* на нештата за да се стигне до некакво добро во елементарна (егзистенцијална) смисла, подоцна со развојот на човечката мисла преку формирањето на религиозниот систем како посовршен систем за разбирање и доживување на светот, репетитивноста не се губи, туку говорот го добива својот дискурс именуван како теологија. Теолошката вистина подразбира апсолутност. Апсолутноста ја содржи моќта. Моќта подразбира владеење. Владеењето е секогаш поврзано со амбиција за моќ над колектив, поголема група, народ, нација, држава. Дали би било отповеќе во оваа пригода да зборуваме за основите на политичкиот дискурс и неговата конститутивна (архетипска) вредност за *репетититивност* на апсолутната вистина? Дали би требало да говориме за неговото формирање токму врз можноста за реконструирање на примитивната мисла, нејзиниот примитивен религиозен говор и нејзината есенцијална сраснатост со иднината која следела по неа, откако човекот излегол од фазата на благороден дивјак и неговата номадска фаза, а потоа почнал да се формира како седентарно, културно, национално итн. битие во рамки на одреден колектив, којшто почнал да го добива постепено својот господар, родоначалник...крал, државник, па сè до неговите најсовремени форми? Толку за идејата за теолошката основа на политиката.

Да се вратиме назад кон желбата за знаење и кон желбата за ново знаење. Дали примитивното поимање на светот, изразено преку желбата на примитивната свест да го направи својот живот полесен и да ги сфати промените околу себе во најраната егзистенцијална смисла на нештата, не значи жед за знаење и излегување од системот на своето незнаење? Дали преминот од магија во религија не значи уште една таква форма, која историски покажува дека човечката свест ја содржи жедтта за ново знење, но сеуште таа жед се врзува со неразвиената свест за себепознанието? За да ја скратиме приказната, го поставуваме реторичкиот концепт како можна поента за желбата за знаењето и новото знаење: дали интелектуалниот ум не е ништо друго, туку само убав пример за високо развиена свест за себе и пример којшто не застанува во таквата динамика, туку поседува знаење и за Другиот? Дали тој е највисоката форма од

еволуцијата на благородниот дивјак кој пак, своевремено, преку визуелното поимање на светот како првично - ја носеше истата жед за тајната за знаењето за која критичкиот ум зборува денес? За еволутивната моќ на знаењето. И, ако зборуваме за желбата како систем којшто е отворен кон осознавање како различно од желбата како систем за останување во истото, тогаш би можеле да зборуваме за вечниот аспект на нештата низ две различни форми: од една страна непроменливост на желбата за ново знаење и од друга, непроменливоста на желбата за контрола на знаењето. Така, првата форма на архетиспската константа ѝ дава космогониска валоризација, бидејќи тежнее кон динамика на умот и творечкиот капацитет на духот. Таа му припаѓа на дисидентот. Втората форма на архетипската константа укажува на затворање на жедтта за повисоко знаење, а наспроти тоа останување во форма која што е акредитирана од институционалниот, политичко-религискиот систем на една држава.

На почетокот на светот стои борбата, антагонизмот. Бидејќи светот е парадоксален и со самото тоа и нерешлив, останува борбата, останува архетипот на благородниот дивјак како пример дека желбата да се сменат нештата кои ограничуваат, делувањето во рамки на желбата за промена преку знаење која што ѝ носи содржина на иднината и нејзин напредок, но и среќа во хуманистичка и естетичка смисла. И, бидејќи светот е навистина парадоксален, критичкиот ум не одбира никаков политичко-религиски ментор во потрагата за да му ја објасни вистината за себе и за светот. Критичкиот ум едноставно нема блискост со „паднатите ангели‟ на земјата и нивната земна теологија како институционален декор. Од друга страна, желбата на системот да се остане во затворени рамки на знаење, покажува и страв од критичката мисла, затоа што дисидентскиот наратив е отворен не само кон сознанието за себе, туку и кон чувството за Другиот. Позицијата на власта на институцијата никогаш не е иста со позицијата на моќта на критичката мисла. Затоа што едната е променлива, времена, а другата тежнее, креира, се движи и постојано бара решение за човекот и човештвото.

Очигледно е дека и во двата наратива, и во дисидентскиот и во оној на моќникот-владетел постои *желбата* како движечка сила да се направи нешто. Но, таа желба се развива и валоризира во две различни насоки: прво, желбата на дисидентот е желба за знаење и критички однос кон стварноста за да го промени она што колонизира, тероризира, манипулира, растажува. Додека пак, кај спротивниот табор, желбата е желба за контрола, што значи во извесна смисла и кастрација на она што е критичко, творечко, движечко и напредно, односно контролира промената да не се случи низ светоста на знаењето како чин кој просветлува. Просветителската моќ е лечебна. Критичката мисла е содржина која проширува видик. Институционалната секогаш стои наспроти широчината на првата преку моќ манифестирана како идеолошка, и тоа е всушност непризнавање на инфериорната позиција пред непредвидливоста на патот којшто следи и би можел да одведе некаде другаде, секако надвор и подалеку од пред портите на институцијата. Едната приказна ја исклучува другата, но тие се сепак трајно поврзани преку разните форми на желбата за знаење. Тука е конституиран и центарот за изворот на парадоксалноста на светот од секогаш. Толку.

**3. Атернативниот простор и слободата.** Искуството на библиските претци покажува форма на првичност. Пред нив не постоело искуство како пример од коишто можеле да учат претходно. Искуството на знаењето овде има извор во рајското поимање на нештата. Од друга страна, поттикот за ново знаење не покажува само луцидно искуство за секој иден дисидент, туку и повторливо искуство како практика. Луцидноста на првиот човечки пар (Адам-Ева) не би можела да биде само во нивната непослушност пред Бога или пак да е само во врска со човечкото незнаење, како што објаснува теолошката мисла за прогонството на библискиот пар.[2] Луцидноста е во вистината на непослушноста – таа е жед за знаење да се разбере (...), да се избере помеѓу (...), да се даде смисла поинаква од онаа која Бог ја беше замислил како „апсолутен консензус" меѓу човекот и него и според тој консензус, човекот би немал друг избор. Но, во овој „пакт" сепак, прародителскиот пар покажал дека не учествувал.

Иако, за гестот на првиот човечки пар, којшто претставува хуманистички гест, не можеме да кажеме дека станува збор за рационален чин, сепак според архепоетиката, постои нешто што се нарекува: крик, повик, евокација, инвокација...,[3] динамика којашто доаѓа од внатрешните сфери на човечкото не-рационално и дискурзивно поимање на светот, но води кон чин на избор. Книжевно-историските примери покажуваат дека ваквото примитивно поимање на светот не му ја одзема силата за избор на раниот човек. Интелектот е и апстракција, а апстрацијата своевидно знаење. Интелектот е движење. Интелектот е промена. Интелектот е слика. Интелектот е реч. Интелектот е и избор. Изборот е слобода. Слободата е знаење. Во слободата се мисли онолку колку што сме ние способни да се ослободиме за да мислиме и за да делуваме. Изборот е и мудрост. Но мудроста е и способност за адаптирање во условите на слободата како избор. Дали умот којшто остварува блискост со чинот на рараничување на нештата, но и на чувствувањето за нив, па и на казната (идеолошката) како чувство, би можел да си пресуди себе си и да остане во рамки на идеолошко-религиозниот момент на покорност? Тогаш, таквиот ум ниту е критички (би го загубил осетот за разграничување на нештата, а со тоа и нивното вреднување), ниту пак е мудар (затоа што стварноста која ја продуцира идеолошко- религиозниот систем исклучува критичка и творечка активност), ниту пак таквиот ум е слободен, а во таа „слобода" да може да продуцира и да учи. Сметам дека токму овде лежи закотвено длабоко алтернативниот простор на креативниот, критичкиот и творечкиот ум. Зошто алтернативниот? Затоа што тој наспроти идеолошко-религиозниот кој е тн. официјален, останува секогаш своја, секогаш своја алтернатива на умот како простор-дома. И тој простор не е физички. Затоа е и послободен. Затоа и креативното мислење е во врска со апстрактното, творечкото (наспроти схематизираното и наметнато идеолошко), и затоа критичкото мислење е секогаш заинтересирано да најде решение, излез од бастијалноста. Вистинското критичко мислење не може да биде нарачано мислење и ниту една влада не може да нарача критичко мислење. Тој алтернативен простор е всушност *светото место* на дисидентот. Простор, земја, татковина,

небо... без присуство на политичко-религиозен ментор. Токму овие атрибути го конституираат и етаблираат алтернативниот простор на дисидентот како *свет* (sacred) *простор*.

Опстојувањето во таков простор не е лесна задача. Верувам дека секој, којшто го прифатил научничкиот, творечко-креативниот повик во својот живот како определба, носи барем малку во себе дел од длабочината на одисеевата метафора. Истражувањето бара времиња на осама, времиња на размислување, времиња на спознавање, откажување, неретко одење и по трнлив и неизвесен пат. Но најмногу од се бара сериозност. И, тоа е индивидуална атмосфера. Но, затоа постои дијалогот кој ја бара другата страна: онаа која ќе чуе, ќе оцени, ќе научи, ќе возврати, ќе каже нешто. Не дека научникот е како монах за кој се вели дека е сам, но се моли за сите, туку дека науката е една виша реалност, која во секој случај е поинаква од секојдневната. Знаењето се споделува со колективот. Затоа светот го интересира резултатот. Светот е заинтересиран за ново знаење. Знаењето е секогаш заинтересирано за за отворен дијалог со светот и тоа на многу сериозен начин. Затоа светот не е само мала или голема метафора. Тој не е само еден народ или наука на еден народ. Оттука, светот е заинтересиран и за дисидентот. А, дисидетнот е заинтересиран за светот, за оној, за којшто и се бори - против механичкото, идеолошко знаење. Токму и затоа влегува во свесна спрега со репресивноста на идеолошко-политичкото знаење, затоа што за дисидентот смислата и потребата за знаењето излегуваат од рамките на националниот и државниот дискурс на матичната земја, затоа што само така станува единствено можно да се валоризира и сподели критичко-творечката мисла родена како света мисла, како чиста одбрана од идеолошкиот апсолутизам. Во таа смисла, и треба да се негува знаењето. Во таа смисла и треба да се воспитува младиот човек. Да се бори за знаењето во кое верува, да го расне она знаење кое верува дека ќе го промени светот, да го негува знаењето како свет простор кој никогаш не може да стане идеолошки простор. И, навистина вреди таквата борба. Кога би се загадил таквиот свет простор како извор на знаење, смислата за знаењето како движечка сила би ја изгубила моќта да го движи светот напред. Светото место на знаењето не е простор којшто би требало да се измислува. Тој стои само на другата страна од конвенционалното, репресивното, локалното, политичкото. Заземањето позиција во таквиот свет простор е заземање сигурна позиција на активниот и продуктивен простор на знаењето. Тоа е алтернативата на дисидентот. Зашто тоа е единствената алтернатива за нов свет. Новиот свет секогаш лежи на дланките на младите луѓе и затоа тие и треба да го понесат храбро и гордо низ чекорот на таквата дисидентска алтернатива. Младиот човек е наследник на светот. Младиот ум ќе го освои и ќе го освојува одново и одново светот, предавајќи и се на убавината на творечко-креативната мисла и ширејќи го знаењето за неа.

**4. Витешкиот атрибут на дисидентот.** Кшиштоф Кишловски (Krzysztof Kieślowski, 1941-1996), во едно од своите кажувања, посветени на темата за враќањето, ќе каже:

„Во школата за театарски техничари ни покажаа дека постои свет на вредности коишто не мораат нужно да бидат поврзани со секојдневните и социјално прифатените вредности, како што се удобен живот, поседување на материјални добра, пари, добра позиција. Ни покажаа дека нештата можат да се остварат во тој другиот, таканаречениот виш свет. Не знам дали е виш, но е секако поинаков."[4]

Повикувајќи се со сиот респект на сета животна и професионална оставнина на славниот режисер, цениме дека тој притоа не мислел на светот на воскресението во религиозна смисла, а уште помалку пак, мислел на политичкот свет како на виш свет. Политиката едноставно нема интерес за тој друг и поинаков свет, свет кој е заинтересиран да раправа за суштината на човечката судбина и хуманистичките прашања. Свет којштo е заинтересиран за слободата на духот. Свет за правдината на креативниот ум на творецот, дисидентот. Свет за правичноста кон критичко-творечкиот ум.

Оттука, старата библиска приказна, повторно доближува до архетипската основа на религиско-политичкиот концепт за послушно стоење пред него како пред Бога. Бог во Стариот завет е Бог кој пофалува, но и казнува заради непослушното однесување пред неговите принципи за „дрвото на спознанието". Тој ја казнува слободата која во исто време и ја допушта. Според теолошката егзегеза гревопадот е чин на израз на човечката слабост. Политиката пак, низ својот апсолутистички принцип го казнува дисидентот заради неговиот критички ум кој за системот претставува закана, бидејќи критичкиот ум е сила која издигнува над било каква политичката стратегија и води во еден друг, виш свет, кој е секако и поинаков, и размислува надвор од затворен институционален систем на стратешки активности и продуцирани вредности на власта.

Во една ваква позиција, како изгледа светот на дисидентот? Дали е тоа казнет, осуден свет, свет кон кој се вперува прстот за да се означи и неговата видливост, да се види и покаже со прст како изгледа казната, притоа заборавајќи дека секое покажување со прст е чин на недоличност? Политиката иницира и создава жртви кои не се тоа. Тоа е системска замена на жртвата или пак размена на вистинската жртва со нејзиниот симулакрум.

Ликот е слика. Сликата е симулакрум на вистинската претстава. Исто како Бог. Исто како и дисидентот. Сликата во семиотичка смисла само референира на вистината. Таа не е она што го гледаме, туку упатува на она што не можеме да го видиме. Исто како еврејскиот Бог. Исто како и дисидентот.

Сликата на дисидентот навидум нема ништо заедничко со неповторливиот книжевен лик на тажниот витез на Мигел де Сервантес - Дон Кихот, но тие заедно сепак имаат врска со сфаќањето и обликувањето на човекот и светот, и оттука со судирот со светот низ специфичен вид на борба, а не само механичка борбеност. Тие се осамени поединци. Не припаѓаат на ниту еден општествен клуб. Тие се јунаци, и нивната големина е трагична во широкиот спектар на општествени, немитологизирани случувања. Тие се индивидуалци во стварноста и тие се непоправливи индивидуалци свртени кон иднината. Тие се возвишени. И двајцата

се витези на чистата идеја за потрага и борба за признавање на идејата за подобар свет. И тој свет е навистина поинаков, друг.

Што значи тој друг свет за еден критички ум? Што значи тој судир, несогласување меѓу интелектуалецот и владата, меѓу критиката на интелектуалниот ум и официјалната идеолошка вистина? Тоа дефинитивно значи позиција на антагонизам, поле на отворена борба.

**5. Архетипот и неговите константи: дисидентот.** Не постои време во кое нема дисиденти. Не постои држава или пак оштество во кое не е забележана појава на дисидент. Примерите од минатото поврзни со судбината на дисидентот, а коишто доаѓаат од земјите под поранешната закрила на комунистичкиот режим, говорат за примери низ кои зборува дискурсот на теророт: егзил, одземање на работното место, затвор, ментални институции, прогонство, и неретко и вистинска смрт. Затоа, постоењето на дисидентот не е имагинарна старност, ниту пак е идеја. Тој е реалност и како таква сметаме дека заслужува да биде третирана како дискурс.

Што содржи профилот на дисидентот како архетипска константа? Најнапред дисидентот го поставува прашањето за *проблематизирањето на знаењето*. Тој, претставувајќи го т.н. „подземно или сиво јас‟ во рамките на еден општествен систем, влегува во конфронтација со истиот преку неговата *борба за неполитичноста на знаењето* и *незаситеното значење на истото*. Во таа смисла, јавното политичко знаење е детерминирано и механичко и продуцира притисок. Дисидентот сака да ја одржи чистината на критичката мисла која ѝ недостасува на идеолошката империјалистичка мисла на државата. Во таа смисила, дисидентот претставува микро-свет во чија борба со „големиот свет‟, речиси редовно останува на маргините – сам како витез со своето безгранично поле на својот блескав ум, надвор од институционалниот и официјален систем, којшто ја има моќта за делување и контролирање на творечкиот процес на идејата и нејзината реализација. Така, замислата за творештво на идеологот-авторитет останува присутна во калап-продукција на вредностите и уште поамбициозното аплицирање во профилот на колективот-калап. Зборувам за Балканот. Зборувам и за Европа. Зборувам и за светот. Бидејќи на секаде има империи. Бидејќи, на секаде има дисиденти.

Оневозможувањето на творецот активно да мисли и да твори, но и притоа спокојно да живее, од страна на официјалната идеолошка програма, подразбира дека тој не е само механички делокализиран, туку е ставен во колонизирачка позиција, и оттука во позиција да бара друго, алтернативно место за својот творечки и критички дух, единственото нешто од кое не може да се откаже. (Не зборувам притоа за лицемерието на дисидентите кои престанале да бидат тоа, откажуваќи се од својот критички поглед фрлајќи се во прегратките на следната влада!) Од друга страна, барањето алтернативен простор за себе, значи и бегство од империјалистичкиот дискурс на идеологијата. Во таа смисла е создадено поле за множење на дискурсите, односно создавање на нов дискурс и нови значења преку дискурсот на дисидентот.

Кое би било тогаш алтернативното место коешто дисидентот би можел да го одбере како удобен простор за себе? Убедена сум дека не би кажале ништо ново, доколку посочиме на тоа дека дисидентот останува во потрага по преселба во друг простор, најчесто надвор од матичната земја, и со тоа во потрага по простор во кој тој ќе го оствари своето право на слободно творење и живеење, а со тоа и во потрага по правото на лична среќа надвор од идеолошката матрица на својата земја. Тоа делокализирање на дисидентот значи и ревносна заштита на неговиот етички столб: критичка, здрава и најпосле хуманистичка димензија на креативниот, тврречкиот и критичкиот ум.

Денеска, не сум сигурна дека алтернативниот простор на дисидентот е секогаш прогонството, но сум лично убедена дека неговиот алтернативен простор останува секогаш неговата „сопствена соба", а таа не мора да биде локализирана во неговата држава или пак делокализирана надвор од неа. Сè повеќе сум убедена дека сопствената соба на дисидентот не е фиксирана за просторот. Таа е секаде онаму каде е и дисидентот, таа секаде патува и е на истиот пат и на истото место каде е и критичката и творечката мисла на знаењето, интелектот и желбата за поубав, и со тоа и послободен свет.

Иако времето во кое живееме денес е време на индивидуалноста, тоа воопшто не би требало да подразбира дека е и време и на критичката мисла како активна. Исто така не сметам дека нашето актуелно историско време е време на индивидуалци-дисиденти, онакви какви што ги познаваме на пример низ имињата на едни од најголемите умови во крајот на XIX и почетокот на XX век и кои станаа водечка интелектуална сила за целата светска наука[5]; потоа на уметниците од времето на руската авангарда кои создаваа низ формата на *самиздатот*[6]; и, на крај, да се потсетиме само на дисидентството на Михаил Бахтин (1895- 1975) во сопствената земја[7], којшто добар дел од животот го помина творејќи и живеејќи под друго име за да не биде спречен да го создаде она за кое денеска светот мислам дека само можеше да сонува доколку не постоеше, да го посакува неговиот хронотоп, неговиот дијалогизам и на крај бахтино-достоевскиот јунак. Дали треба да се потсетуваме и на останатите имиња коишто свесно одбрале да ѝ припаднат на „дисидентската „фела"? За среќа, го нема веќе Сибир, како место за „непослушните интелектуалци". Го нема веќе и Голиот Оток[8] како место од кое исто така ретко кој се вратил. Инаку ќе имаше многу повеќе тага во сеќавањето и во раскажувањето на историјата.

Не сум сигурна дека денеска дисидентството е актуелно во онаа форма за којашто укажавме во претходните примери. Ме интереисра, за какви атрибути на дисидентството можеме да зборуваме денес? Дисидентството не е само физички егзил, дисидентството не е само затвор. Дисидентството значи и затвореност на институциите за младиот човек, студент, иден интелектуалец и надежно иден водечки ум, заради неможноста државата стратешки да го задржи големиот интелектуален капацитет на младиот човек како најдобар капитал за иднината. Ако зборувам за овој наратив во врска со мојата држава, тогаш дефинитивно за мене најзагрижувачка форма би била: одлевањето на младите умови (brain drain). Секое дисидентство на само свој начин е и тажно, но за мене овој тип е еден од

најтажните. Во таа смисла, политичкиот дискурс продуцира поинаков тип на дисидентство преку негрижата за потенцијалот на истражувачкиот и креативно – творечки напредок на младиот човек. Во сето тоа се крие силна порака, порака која што треба младиот човек да ја шири надвор од портите на таквата идеолошка стратегија: да не престане да верува во моќта на новата мисла, во моќта на уметноста зашто само на тој начин ќе ја заштити критичката мисла ширејќи ја, негувајќи ја неа. Само на тој начин младиот човек, верувајќи и вложувајќи во силата на знаењето ќе остане да верува во напредокот на светот и во неговата промена. Верувањето во знаењето, во неговите нови форми и нивното продуцирање е сила која е поголема од било која идеолошка стратегија за продуцирање механичко знаење.

Еднаш, не така одамна, бев „дисидент" во сопствената држава. Тоа се случи откако највисоката институција за наука и уметност (Македонската академија на науките и уметностите) во мојата земја ми го додели признанието за *Најдобар млад научник - Вита Поп Јорданова* во областа на книжевната наука според меѓународна класификација, за првпат некому доделелно во мојата област. Никогаш не го добив доделеното работно место отворено за мене според Владина одлука (мај, 2006), а токму државниот универзитет, доделувајќи ми уште едно признание (мај, 2006), Плакета за афирмација на Универзитетот „Свв. Кирил и Методиј" како носител на признанието „Најдобар млад научник и Вита Поп-Јорданова", не го испочитува административниот пат за да одговори на владината одлука по повод специјално и наменски одвоените средства од Владата на РМ за истото тоа вработување.[9] Тогаш јавно, пред македонската јавност, пред тогашната и поранешната Влада на РМ, пред тогашниот Претседател на РМ, пред МАНУ и пред сите научно-образовни институции во мојата земја го поставив прашањето: што е тоа што ги отвора, а што е тоа што ги затвора вратите на младиот човек, на младиот научник и уметник во РМ? Така разбрав дека лицемерието и непотизмот имаат длабоки основи во мојата земја, и дека токму тие, го раѓаат дисидентот во мојата сопствена држава, а притоа тие немаат и баш некаква врска со моќта на знаењето. Притоа, бидувајќи „дисидент" во својата земја, која никогаш не ја напуштив, уште поревносно се посветив на она во кое верував – моќта на знаењето надвор од политичка контрола и одлука. Немав вистински противник. Единствен противник ми беа недостоинствениците, незаинтересирани за продуцирање на знаење, а за додоворување кон политичарите. Но, тие никогаш не ме интересирале, затоа што тоа е свет кому - ниту јас ниту желбата за ново знаење им припаѓаме. Притоа, моите дела не се мои. Тие престануваат да бидат мои во оној момент кога почнуваат да се ракуваат со светот, кому и му припаѓаат.

Суштината на дисидентството дава широк спектар на значења кои се слеваат во следново: да се оддолее на страста да се биде послушен и да се има за ментор политички сурогат. Да се остане во страста за промената и критичкиот однос кон стварноста. Тоа значи и аскетизам. Аскетизмот е секогаш во врска со осамата. Дисидентот е секогаш сам, но не и осамен. Неговата единствена империја е критичката и творечката мисла која е отворена за човештвото и е во

грижлив однос со човештвото. Дисидентот е своевиден апологет. Тоа е многу повеќе од политика, тоа е многу повеќе од религија, тоа е многу повеќе од нација, тоа е многу повеќе, многу повеќе и многу повеќе од сето тоа заедно.

**Епилог.** Велат, желбата стои во основата на светот. Велат, има добри, но има и лоши желби. Јас имам една добра желба. Сакам светот да го растресе гром од ново знаење. Сакам тој да биде поубав. Сакам тој да биде похуман. Сакам да има повеќе дисиденти. Вистински. А вие?

[1] G., Anidžar. 2006. *Jevrejin, Arapin*. Beograd: Beogradski krug, стр. 55.
[2] Св. Јован Дамаскин. 2001. *Тачно изложење православне вере*. Београд, стр. 346-7.
[3] Mauss, M.2003. *On Prayer*. New York/Oxford: Durkheim Press/Berghahn Books, стр.43-55.
[4] Stoc, D., ed by. 1993. *Kieślowski on Kieślowski*. London: Faber&Faber, цитирано според издание: Beograd: Hinaki, 2002, стр.41.
[5] Н. Берѓаев, Николај Лоски, П. Флоренски, Павле Евдокимов и др.
[6] На пример, Владимир Казаков.
[7] На Сибир и шест години во Казахстан.
[8] Затвор-камп, отворен во 1949 г., познат и како „Пекол на Јадранот", место за ментална и физичка тортура и страдање за „непослушните".
[9] Тоа беше национално признание за првпатдоделено за оваа цел од Владата на РМ, но овој „случај" се претвори во скандал без преседан. Види: В. Бучковски, *Кога знаењето е хендикеп*, во: Време, бр.1265 (4 јануари, 2008) и број 1276 (18 јануари, 2008), СКопје.

Sofija Grandakovska

**Lightness of the Dissident, Brightness of the Critical Mind**

**(in: *Playing by the rules: Alternative thinking/Alternative spaces*. Ed. by Steven Rand and Heather Couris. NY: Apexart, 2010)**

**Who is "the dissident" and what is his message?**

This text has no intention of hurting anyone, or for that matter evoking any religious, national, ideological, emotional, or other like insults. This text intends to speak about the openness and resonance of the intellectual's critical mind, of the artist and the cultural worker, as seen through the prism of the dissident's narrative, and his credibility, which is positioned without the institutional matrix of power of his native land. Amongst other things, this text intends to speak also about that which valorizes the critically-theoretical activities of the dissident—namely, that he stands, always, markedly at the vanguard of his time, and the time of his actions.

Throughout life we may acquire, but we may also lose each professionally gained status, as seen from an institutional standpoint. A loss of status may occur, too, due to ideological reasons that could serve as the basis of a political platform looking for a way to launch its ascertained profile of knowledge, which in turn, would shape the state's citizenship, its youth, and with that, its present, while such a strategy of knowledge would remain in accordance with the needs of the given timeframe. The key moment which gives birth to the dissident is the very antagonism existing between: a) mechanical knowledge, as imposed criteria, and b) creative and creating knowledge, as a result of an evaluation of the first bureaucratic one, and a participation in all that would come with a future, therefore, taking action as a humanistic goal. Hence, through these attributes of knowledge, now freed from the ideological matrix of a political party structure in a given time, the creator of a "different kind" of knowledge is positioned—the dissident, as a so-called "outlaw" from the conventional system, yet he is launched in the so-called zenith of a space as another space itself—an alternative to the production of critical and creative thinking. Thus so, the dissident always brings forth new ideas, begets a new, open concept, and strives for a way out of the outdated forms of the system's knowledge. The dissident is the harbinger of the thirst for new knowledge, which represents a new ark, a new path, a new horizon, a new alternative for a more comfortable, nicer, and more humane

world. In such a world, knowledge of and about the world is never a stasis, or a bland political platform; rather, it is a *spiritus movens* which strives, always, to beget new ways of reaching a higher level of being.

Dissidence, in its most elemental sense, refers to the semiotics of *disagreement*. On that note, it positions itself as a stepping-away from the official byline. The dissident represents the intellectual immigrant from the ideological matrix and the official ideologically-religious truth. Thus, he opens up his sphere of influence as a form of thirst, which, in turn, represents more than a simple lucidity in the openness of the spirit towards truth, knowledge, other-ness, alternative-ness as the highest possible category. Consequently, the dissident and the resonance of his critical mind become a permanent opportunity to fight with the ideological, the political, and the religious. This binary creates an open conflict, whence there are only—enemies.[i] Along those lines, the dissident, due to the fact that he stands without the official line of the absolute, or the totalitarian truth of a given political or religious system, is placed within the category of: *enemy*.

